Република Северна Македонија

**Министерство за внатрешни работи**

Оддел за односи со јавност и стратешки прашања
Сектор за односи со јавност и протокол

рег. бр. 16.1.2.-978/1

Скопје 10. 09. 2020

До

**Предмет: РЕШЕНИЕ за одговор на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер**

## РЕШЕНИЕ
**за одговор на барање за слободен пристап до бараната информација**

Во врска со Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер, Ви доставуваме статистички податоци со кои располага Секторот за азил при Министерството за внатрешни работи и тоа:

- Во текот на 2019 година, во Секторот за азил примени се 452 барања за признавање право на азил, за 490 лица.
  Во 2019 година, Секторот за азил за едно лице од Република Косово, донесе решение со кое му призна статус на супсидијарна заштита. Исто така за 14 лица е донесено решение со кое се одбива барањето за меѓународна заштита, додека за 475 лица е запрена постапката за меѓународна заштита од причини што:
  - го повлекол барањето за признавање на право на азил,
  - не се јавил на покана за сослушување во Секторот за азил, а својот изостанок не го оправдал во рок од пет дена од денот на закажаното сослушување или
  - го напуштил местото определено за негово сместување без одобрение за време на траење на постапката, подолго од три дена без да го извести надлежниот орган или не обезбеди согласност од надлежниот орган за напуштање на местото определено за негово сместување.

- Во периодот од 01.01.2020 до 15.08.2020 година до Секторот за азил поднесени се 181 барање за признавање право на азил.
  За едно лице е донесено решение со кое му се призна статус на супсидијарна заштита. За 15 лица е донесено решение со кое се одбива барањето за признавање право на азил и на 13 лица е запрена постапката за меѓународна заштита.


Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија
Ул.Димче Мирчев бр.9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3 117 222
www.mvr.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2015

Република Северна Македонија

**Министерство за внатрешни работи**

Оддел за односи со јавност и стратешки прашања
Сектор за односи со јавност и протокол

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот поднесе барање за слободен пристап до информации од јавен карактер до Министерство за внатрешни работи.

По добивањето на барањето од страна на Одделот за односи со јавност и стратешки прашања, истото беше доставено до Секторот за азил при Одделот за граѓански работи од каде добивме одговор кој што му го доставуваме на барателот.

**Изработил: Јован Пешевски**
**Контролирал: Сузана Прањиќ Талевска**
**Одобрил: Наталија Спирова**

ПОМОШНИК НА МИНИСТЕРОТ
**Тони Ангеловски**


Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија
Ул.Димче Мирчев бр.9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3 117 222
www.mvr.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015